**20111363003**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за водните заедници, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 28 септември 2011 година.

Бр. 07- 4022/1
28 септември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОДНИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Член 1

Во Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија“ број 51/2003, 95/2005 и 113/2007), во членот 16 став (3) зборовите: “Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и ветеринарството на Владата на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: “Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

По членот 16 се додава нов член 16-а, кој гласи:

„Член 16-а

(1) Доколку Управата за водостопанство не го издаде одобрението, односно не донесе решение за одбивање на барањето за издавање на одобрението на статутот на водната заедница во рокот од членот 16 став (2) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на директорот на Управата за водостопанство заради донесување на одобрение на статутот од страна на Управата за водостопанство.

(2) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(3) Директорот на Управата за водостопанство е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член до писарницата на



www.pravdiko.com

Управата за водостопанство да донесе решение со кое барањето за издавање на одобрението на статутот на водната заедница е уважено или одбиено. Доколку директорот на Управата за водостопанство нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Управата за водостопанство.

(4) Кон барањето за донесување решение од ставот (1) на овој член, подносителот на барањето доставува и копија од барањето за издавање на одобрение на статутот.

(5) Доколку директорот на Управата за водостопанство не донесе решение во рокот од ставот (3) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши инспекциски надзор во Управата за водостопанство и да утврди дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го извести подносителот на барањето за утврдената состојба при извршениот надзор.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Управата за водостопанство во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и за преземените мерки во истиот рок да го извести инспекторот и да му достави примерок од актот со кој е одлучено по барањето.

(8) Доколку директорот на Управата за водостопанство не одлучи во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој директорот на Управата за водостопанство ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучувал по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Управата за водостопанство не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, приговорот се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена од денот на приемот да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Управата за водостопанство дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.



www.pravdiko.com

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случајот од ставот (13) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Управата за водостопанство не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.“

Член 3

Подзаконскиот акт од членот 2 од овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По донесувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Управата за водостопанство.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, освен одредбата од членот 1 од овој закон која ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.



www.pravdiko.com